# INNOVATION AND ENTREPRENEURSHIP

**Vera Veljanovska**
"Koco Racin", Skopje, Republic of Macedonia verce_tehnika@yahoo.com
**Milana Kurapova**
student USA mksk79@yahoo.com

**Abstract:** Desire for responsibility-entrepreneur feels responsible for enterprise prevzemal.Toj who wants to control and use their resursi.Kreativnosta and innovation - the entrepreneur sees ordinary things in a new, unusual way, as an opportunity to develop business. The impetus of creativity is an essential precondition for innovation.
Vizionersto-entrepreneur always tries to see the result of their own efforts after a period. Vision as entrepreneurial trait means identifying good business opportunities, predvuduvanje the future in order to monitor market conditions, development of science and technology, social and political change…"
**Keywords:** visioner, entrepreneur, incentive, creativity, responsibility

# ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

**Вера Вељановска**
ООУ "Кочо Рацин", Скопје, Република Македонија verce_tehnika@yahoo.com
**Милана Ќурапова**
студент USA mksk79@yahoo.com

**Резиме:** Желба за одговорност-претприемачот чувствува одговорност за потфатот кој го превземал.Тој сака да ги контролира и искористи сопствените ресурси. Креативноста и иновативноста - претприемачот обичните работи ги гледа на нов,необичен начин,како можност за развивање бизнис. Поттикот на креативноста претставува основен предуслов за иновативноста.
Визионерсто-Претприемачот секогаш настојува да го види резултатот од сопственото залагање по извесен период. Визионерството како претприемничка особина означува воочување на добри деловни можности,предвудување на иднината во насока на следење на условите на пазарот,развој на науката и технологијата,општествените и политичките промени .
**Клучни зборови**: визионер, претприемач ,поттик,креативност ,одговорност...

## ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ

Претприемништвото може да се сфати како слободна иницијатива на поединци,групи луѓе или бизнис организации кои настојуваат да реализираат идеја за нов производ,да откријат нови можности на пазарот,да воведат нов начин на производство,при тоа преземајќи го ризикот од неуспех.
Поимот претприемништво подразбира согледување на можностите и реагирање во вистинско време,се со цел да се воведат нови производи на пазарот или да се подобрат постоечките производи.

## НОВИ БИЗНИСИ

**" Светот ќе го обноват оние луѓе ...херојски трагаат...независно од тешкотиите и макитe,во методите по кои луѓето ке се согласуваат."**
**Мери Паркер Фолет**

Создавањето нови бизниси е клучен елемент во развојот на модерната економија.Новите бизниси имаат брз раст.Брзиот раст на новите бизниси им создава можност да отворат значителен број нови работни места во економијата.Растечката конкурентност во економијата е извор на нови производи и процеси во производството.Новите производи,придонесуваат за пораст на производството на економијата.
Претприемачот е директен создавач на нови бизниси,работни места,производи и производни процеси.Тој е способен на различен начин да ги искористи расположливите ресурси,да ги открие можностите онаму каде што преостанатите бизнисмени не можат да ги видат и да направат нова организација во претпријатието.

## ОСНОВИ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Претприемништвото претставува процес,бидејќи е сочинето од низа меѓусебно поврзани постапки и активности кои треба да се направат,запазувајќи го времето на нивна реализација.
Процесот на претприемништво се остварува низ неколку последователни фази кои постојано се повторуваат.

Претприемничкиот процес е составен од четири последователни фази:

- ✓ Откривање на можност за бизнис(бизнис идеја)
- ✓ Подготовка на бизнис план
- ✓ Определување на потребните средства
- ✓ Реализација на бизнис идејата

**БИЗНИС ИДЕЈА**

**“Знаењето- капитал се повеќе се смета како надоходовна и најсигурна инвестиција.Отука и потребата за неговото постојано обновување”**

Откривањето на можност за бизнис,претприемачот го остварува преку препознавање на потребите на потрошувачите,примената на новите технологии,измените во законите и друго.

Подготовка на бизнис план се однесува на планирањето на бизнисот и во основа се поврзува со намалувањето на опасноста од неуспех.Во бизнис планот претприемачот врши опис на бизнис идејата и неговата насока.Бизнис планот им е потребен на сите претпријатија независно од нивната големина,дејност или сопственост.

Во основа,секој бизнис план во кој се планира отпочнување нов бизнис треба да ја има следнава содржина:

- ✓ општи податоци за претпријатието,
- ✓ мисија и визија,
- ✓ анализа на производот и производството,
- ✓ маркетинг план и анализа,
- ✓ организација и менаџмент,
- ✓ финансиски план и анализа .

**УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕТПРИЈАТИЕТО**

Последна фаза од претприемничкиот процес се однесува на управувањето со претпријатието.

Претприемачот презема активности за утврдување на начинот на раководење,односно насочување на активностите кон остварување на целите.Тој прави организација на работата така што ги организира работниците и средствата со цел да се постигне најдобар резултат и успех на претпријатието.

**ПРЕТПРИЕМАЧ**

Зборот претприемач доаѓа од францускиот збор ***entreprendre*** што значи преземач,односно човек кој презема нешто(активност,проект).

Претприемачот ќе го дефинираме како човек кој е насочен кон откривање можности и преземање активности за нивна реализација,со разумно искористување на средствата**.**

Претприемачите испробуваат нови методи за управување и организација,со надеж дека ќе можат поефикасно да ги користат средствата со кои располагаат,отколку нивните конкуренти**.**

Тие не само што ја иницираат,ја насочуваат и организираат работата во претпријатието,туку тие вложуваат сопствени средства и имот со цел да се оствари профит,соочувајќи се со неуспех во бизнисот.

**КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРЕТПРИЕМАЧОТ**

- ✓ Желба за одговорност-претприемачот чувствува одговорност за потфатот кој го предземал.Тој сака да ги контролира и искористи сопствените ресурси.
- ✓ Презема умерен ризик-тие не се впуштаат во неконтролирани бизнис активности,но се подготвени за бизнис во кој има умерен и пресметан ризик.
- ✓ Претприемачот поседува голема доверба во сопствените способности.Тој настојува да биде позитивен и оптимистичен кон работата.
- ✓ Реагира во вистинско време-претприемачите ги препознаваат можностите и реагираат на вистински начин.
- ✓ Креативност и иновативност-претприемачот обичните работи ги гледа на нов,необичен начин,како можност за развивање бизнис.Поттикот на креативноста претставува основен предуслов за иновативноста.
- ✓ Бизнисот е поврзан со непредвидени проблеми.Истите се надминуваат само со упорност.Ако претприемачот е убеден во сопствените способности ќе ја оствари сопствената цел.
- ✓ Визионерсто-Претприемачот секогаш настојува да го види резултатот од сопственото залагање по извесен период.Визионерството како претприемничка особина означува воочување на добри деловни можности,предвудување на иднината во насока на следење на условите и потребите на пазарот и развој на науката и технологијата.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Gocevski,T. (1997) Obrazoven menagment,Makedonska riznica,Kumanovo
[2] Damjanovik,M.(1990) Menagerska revolucija,Zavod za uxbenike i nastavna sredstva,Beograd
[3] Dizdarevi},I.(1998) Psiholo{kite pogledi na menaxmentot,Feniks,Skopje
[4] Krqjev,T (1994) Osnovi na menagmentot,CIM,Skopje,
[5] Whitty,G.Power,S.Halpin,D (1998 )Devolution and choice in education Open Univerzitet Press,filadelfia

.